ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-09/14
06.07.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор на седница одржана на ден 06.07.2016 година во Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за донесување на Општ акт за употреба на печати

### Член 1

Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на одржана седница на ден 06.07.2016, врз основа на член 4 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија донесе одлука за донесување на општ акт за начинот на употреба, ракување на печатите и штембилите на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

### Член 2

Печатот и штембилот на Институтот во согласност со член 4, став 3 и 4 од Статутот на Институтот ќе се користат за заверување на договори, правилници и општи правни акти и документи од трајна вредност на Институтот.

Печат и штембил во согласност со член 4, став 6 од Статутот на Институтот со број 1 ќе се стават во употреба за заверување на дописи од службено и финансиско работење и други документи од тековното работење на Институтот.

Печатите и штембилите од став 1 и 2 од овој член со записник за предавање и чување се доверуваат на секретарот на Институтот, кој е должен да ги користи согласно правилата утврдени во записникот за предавање и чување.

### Член 3

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА · СКОПЈЕ · ИСОС

_______________ Ленче Папазовска

_______________ Тихомир Мурџески

_______________ Орхан Рамадани

_______________ Тони Димитровски

_______________ Јован Златевски